# ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ”
# ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ



***ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЕКСКУРЗИИ***

***ЗА***
***УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА***

*(еднодневни излети, еднодневна екскурзија, настава во природа, дводневна и наставно-научна екскурзија)*

# ***ВОВЕД***

Училишните екскурзии и другите слободни активности (научно–истражувачки посети, кампувања, настава во природа, летни и зимски школи, зимување и летување) се вонучилишни облици на воспитно-образовна работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми.

Врз основа на член 34 став 4 од Законот за основното образование (Службен весник на Р.М. бр.103/08, 33/10 и 116/10, 18/11, 15/11, 6/12/ 100/12, 24/13, 41/14), Министерот за образование донесе Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Врз основа на годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, Стручниот тим одреден со одлука на Училишниот одбор, а водејќи се според правилникот на МОН за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, ја изготви програма за екскурзии, излети и други вонnаставни активности за учениците од ООУ „Браќа Миладиновци“– Скопје, за учебната 2023/2024 година.

# ПРОГРАМА

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ И ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I-IX ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

***<u>Еднодневен есенски излет:</u>***

**Место:** Излетнички локалитет – Сарај - Скопје

**Време на изведување:** октомври 2023

**Одговорен наставник**: Татјана Бурник

***<u>Еднодневен пролетен излет:</u>***

**Место:** Излетнички локалитет - с. Кучково - Скопје

**Време на изведување:** мај 2024

**Одговорен наставник:** Сунчица Петрева

**Воспитно-образовни цели:**

Излетите се организираат со цел учениците од основното училиште **„Браќа Миладиновци“** од сите одделенија, преку еднодневен престој на соодветна локација,

- Да се запознаат со непосредната околина.
- Да се подобри психо-физичката состојба на учениците.
- Грижа за сопственото здравје.
- Да стекнат едукација надвор од училишните клупи.
- Да учат непосредно низ набљудувања и истражувања.
- Да се дружат и рекреираат индивидуално и во група.
- Да се развие еколошка свест кај учениците.

**Задачи:**

- стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- градење чувство на толеранција и соживот;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување; водење на грижа за себе;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење.

***<u>Содржина на активности на есенски излет:</u>***

- организирање на спортски натпревари;
- колективни игри, фудбал, одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и игри со јаже
- посета на **Сарај - Скопје**
- набљудување и собирање на лековити растенија, рекреација, дружење.

**Учесници на излет**

- Сите наставници и ученици од I до IX одделение.

**Времетраење на излет:**

- Еден ден – Излетнички локалитет Сарај

**Времнски период на изведување:**

- Октомври 2023

**Локации на посета и правци на патување:**

**Место на поаѓање:** пред училиште

**Време на поаѓање:** 8:00 часот (учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот).

**Маршута на патувањето**

Скопје – **Сарај** - Скопје.

**Техничка организација:**

- Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.

**Начин на финансирање**

- Директно на трансакциска сметка на агенцијата.

***Содржина на активности на пролетен излет:***

- организирање на спортски натпревари;
- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и игри со јаже
- посета на **с. Кучково - Скопје**
- набљудување и собирање на лековити растенија, рекреација, дружење.
- разговор со свештеното лице.
- **Учесници на излет**
- Сите наставници и ученици од I до IX одделение.

**Времетраење на излет:**

- Еден ден – Излетнички локалитет с. Кучково - Скопје

**Временски период на изведување:**

- Мај 2024

**Локации на посета и правци на патување:**

**Место на поаѓање:** пред училиште

**Време на поаѓање:** 8:00 часот (учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот).

**Маршута на патувањето:** Скопје - **с. Кучково** - Скопје.

**Техничка организација:**

- Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.

**Начин на финансирање**

- Директно на трансакциска сметка на агенцијата.

**ПРОГРАМА**

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 година. Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програмата за реализација на настава во природа за **III (трето)** одделение за учебната 2023/2024 година.

**Место на реализација -** Маврово

**Време за реализација -** мај 2024 год.

**Раководител на екскурзијата -** Наталија Ралповска

**Воспитно – образовни цели:**

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за растенијата и животните, како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на живата и неживата природа, дружење и забавата.

**Задачи:**

- стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини;
- учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
- учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
- учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи, цркви и природните убавини предвидени со патувањето;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- водење на грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;

***Содржински активности:***

**Прв ден**

- посета на националниот парк „Маврово“ – (посета на Сафари парк Бунец – детска едукативна патека);
- систематизирање на знаењата од природните убавини на Македонија и нејзините културно-историски знаменитости;
- подготовка и изработка на Извештај од ескурзијата.

**Одговорен раководител**: Наталија Ралповска

**Времетраење**

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од III одделение ќе се реализира во месец мај во траење од еден ден.

**Локации за посетување и правци на патување:**

- Поаѓање од Скопје, пристигнување во национален парк „Маврово“ и враќање за Скопје.
- Посета на национален парк „Маврово“
- Поаѓање во 8:30 часот пред училиште, релација Скопје - Маврово
- Враќање во 15 часот во попладневните часови

Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од третите одделенија во траење од еден ден.

**Техничка организација:**

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Браќа Миладиновци” - општина Аеродром - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.

Еднодневната екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2023/2024 година ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми/услови.

**Начин на финансирање:**

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Браќа Миладиновци“ - Скопје.

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 година. Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програмата за реализација на настава во природа за **V (петто)** одделение за учебната 2023/2024 година.

**Место на изведување -** Охрид

**Време за изведување -** мај 2024 год.

**Воспитно – обазовни цели:**
Училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците имаат за цел: совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.
**Задачи:**
• изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
• развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
• запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
• развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
• поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
• социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
• развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
• запознавање со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина во општината и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето во локалната заедница;
• запознавање на основните карактеристики на релјефот, климата и другите обележја на Република Македонија и нивното влијание на стопанството, културата и другите области на општествениот живот;
• развивање чувство на почит кон историското наследство и традициите во Република Македонија.

***<u>Содржински активности:</u>***

**ПРВ ДЕН**

• 08:00 часот - Организирано тргнување од пред Основното училиште „Браќа Миладиновци“, релација Скопје – Тетово - Гостивар – Дебар – Струга - Охрид;

• По патот се предвидува посета на Шарена џамија, Вруток - изворот на реката Вардар, поминување низ националниот парк „Маврово“ и ХЕЦ „Шпиље“, манастир Св.Ѓорѓи Победоносец – Рајчица и Бигорски манастир „Св.Јован Крстител“,.

• Пристигнување и сместување на учениците во локалитетот во попладневните часови; (Локалитетот дополнително ќе биде избран во договор меѓу засегнатите страни во училиштето и избраната агенција).

• Одмор;

• 18:00 - 19:00 часот – вечера;

• Творење на тема: „Јас патувам - моите впечатоци и доживувања при патувањето“

**ВТОР ДЕН**

• 07:00 - 07:30 часот - будење и средување на собата;

• 07:30 - 08:00 часот - утринска гимнастика;

• 08.00 - 08.30 часот – појадок;

• Се предвидува посета на праисториската наколна населба „Заливот на коските“ и манастирот „Св.Наум Охридски“.

• 13:00 -14:00 часот – ручек;

• Попладневен одмор;

• 15:00 -16:30 часот - литературно писмено изразување (Нашето културно и историско наследство); Ликовно творење (пренесување на впечатоците од тековните посети преку сликање).

• 16:30 -17:30 часот - спортско-рекреативни активности

• 18:00 – 19:00 часот – вечера;

• Во вечерните часови се организира натпревар „Покажи што знаеш“ (пеење, глума, имитација...)

**ТРЕТ ДЕН**

• 07:00-07:30 часот - будење и средување на собата

• 07:30 – 08:00 часот - утринска гимнастика

• 08:00 – 08:30 часот - појадок

• Прошетка низ Охрид - Антички театар, црквата „Св.Софија“, црквата „Свети Јован Богослов“– Канео, Стар град, Плаошник, Самоилова тврдина.

• 13:00 – 14:00 часот – ручек

• одмор

• 15:00 -16:30 часот во училница се одржуваат час по природни науки - „Фактори за растење на растенијата“– средување на податоци од истражувањето за собраните локални растенија и час по математика – претставување и презентирање на податоците преку различни дијаграми.

• 16:30 -17:30 часот – спортско-рекреативни активности

• 18:00 – 19:00 часот – вечера

• Вечер на танци – Уживам во танцот.

**ЧЕТВРТИ ДЕН**
• 07:00 – 07:30 часот - будење и средување на собата;
• 07:30 – 08:00 часот - утринска гимнастика;
• Вевчанските извори, Посета на градот Струга, Спомен куќата на „Браќата Миладиновци", Манастир „Успение на Пресвета Богородица"- с.Калишта;
• 13:00 – 14:00 часот – ручек;
• Попладневен одмор.
• 15:00 -16:30 часот - во училница следи ликовно творење (сликање – изработка на плакат на тема „Вевчански извори") и изработка на хербариум со собраните локални растенија (работа во групи); Македонски јазик (литературно творење за впечатоците и убавините на градот Охрид воочени по набљудување);
• 16:30 -17:30 часот - спортски активности
• Попладневен одмор;
• 18:00 – 19:00 часот – вечера;
• Вечер на организирана „Модна ревија".

**ПЕТТИ ДЕН**
• 07:00 – 07:30 часот - будење и средување на собата;
• 07:30 – 08:00 часот - утринска гимнастика;
• 08:00 – 08:30 часот - доручек;
• 09.30 – 10.30 часот - сликање на непосредната околина - ликовно образование - локални бои „Растенија покрај вода"; Музичко образование – слушање и пеење на песната „Билјана платно белеше"
• 12:00 – 12:30 часот - ручек.
• Поаѓање за Скопје околу до 13:00 часот, релација Охрид – Прилеп – Битола – Скопје;
По пат е предвидена посета на Горен град и Маркови кули – Прилеп; Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк и Хераклеа - Битола
• пристигнување во попладневните часови во Скопје пред ООУ „Браќа Миладиновци".

**Теми преку кои се планира изведување на наставата се:**

- водата, воздухот, сонцето како услов за живот на живата природа;
- животни средини и животни заедници;
- туризам, лов и риболов;
- историјата на мојата земја - историски личности, споменици и верски објекти;
- културно-национално богатство на нашата татковина.

**Наставни содржини:**
**1. Природни науки**

- истражување;
- собирање, средување и креативно претставување на податоци за линијата на истражување „Фактори за растење на растението"; или „Фотосинтеза";
- Изработка на хербариум

**2. Македонски јазик**

- Писмено изразување на дадена тема
- Читање на легенди за градот Охрид и Охридското Езеро
- Опишување по набљудување – Убавините на градот Охрид
- Рационално користење на водата (говорна вежба) - „Водата вреди да сештеди“- ЕКО.

**3. Физичко образование**

- Спортски игри – фудбал;
- Одбојка – примена;
- Спортски игри – кошарка.

**4. Историја и општество**

- Релјеф, клима и други обележја на РМакедонија – повторување;
- Историско наследство – посета на музеи, историски споменици, верски
- објекти... - повторување и проширување на знаењата.

**5. Математика**

- Работа со податоци;
- Линиски и столбест дијаграм;
- Собирање, селекција и организирање на податоци во интеграција со другите наставни содржини кои ќе се работат во текот на Наставата во природа;
- Толкување на линиски и столбести дијаграми;
- Текстуални задачи – содржини со растенија, од областа на историјата и географијата.

**6. Ликовно образование**

- Локални бои - техника по избор, мотив: „Растенијата покрај вода“;
- Сликање - изработка на постер на тема „Вевчанските извори“.
- Сликање – Убавините на нашата татковина

**7. Музичко образование**

- Пеење, играње, танцување – Покажи што знаеш
- Слушање музика и пеење – Билјана платно белеше.

*Времетраењето и начинот на реализација на наставните активности предвидени за во училница може да биде променето во зависност од динамиката на учениците и активностите иницирани од идеите на учениците.

**Одговорен наставник - Даниела Јаневска**.
Одделенски наставници кои ќе ја реализираат наставата во природа – Даниела Јаневска, Наташа Талеска, Елена Илиевска, Јасмина Нацева, Љубица Томовска, Соња Гајдовска.

**Времетраењето** на Наставата во природа е пет дена односно четири ноќевања и ќе се реализира во месец мај во тековната учебна година. Наставата во природа ќе ја реализираат наставниците и учениците од петто одделение од деветгодишното образование при ООУ „Браќа Миладиновци“, во согласност со најмалку 50% од родителите на секоја паралелка поединечно.

**Локации за посета и правци на патување**

• По патот се предвидува посета на Шарена џамија, Вруток - изворот на реката

Вардар, поминување низ националниот парк „Маврово“, ХЕЦ „Шпиље“, Манастир Св.Ѓорѓи Победоносец – Рајчица, Бигорски манастир „Св.Јован Крстител“,.
• Манастирот „Св.Наум Охридски“ и Праисториската наколна населба „Заливот на коските“;
• Прошетка низ Охрид - Антички театар, црквата „Св.Софија“, црквата „Свети Јован Богослов“– Канео, Стар град, Плаошник, Самоилова тврдина.
• Вевчанските извори, Посета на градот Струга, Спомен куќата на „Браќата Миладиновци“, Манастир „Успение на Пресвета Богородица“- с.Калишта.
• По пат е предвидена посета на Горен град и Маркови кули – Прилеп; Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк и Хераклеа – Битола.

**Техничка организација**
Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе биде избрана на тендер.
Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува и следниве минимум критериуми:
• да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
• има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности, по последните три години;
• ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
• водич на патувањето;
• плаќањето да биде на рати по договор;
• учениците да имаат три оброци дневно и ужинка;
• исхраната да е изготвена по норматив и според возраста на учениците, во согласност со препораките од наставниците;
• здравствена заштита и постојан медицински кадар;
• осигурување на учениците;
• училница за изведување на наставата според нормативот за деветгодишно основно образование;
• рекреатори за учениците;
• објект-простор за спортско рекреативен и културно забавен живот;
• физичко обезбедување на објектот.
**Начин на финансирање:**
• Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот.
• Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „ Браќа Миладиновци” општина Аеродром – Скопје.
• Начин на плаќање – директно на трансакциска сметка на агенцијата

# П Р О Г Р А М А

## НАСТАВНО - НАУЧНА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА

## ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Врз основа на Член 34, Став 4, од Законот за основно образование (Службен Весник на Р.М. број.103/08, 33/10 и 116/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.
Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Браќа Миладиновци" училиштето за учебната 2023/2024 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на дводневна екскурзија со воспитно образовен- карактер за учениците од **VI (шесто)** одделение за учебната 2023/2024 година.

**Место на изведување -** Источен дел на Р.Македонија

**Време за изведување -** мај 2024 година

**Воспитно - образовни цели**

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

**Задачи:**

- стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини;
- учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
- учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
- учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи, цркви и природните убавини
- предвидени со патувањето;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- водење на грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;

**<u>Содржина на активности:</u>**

- Посета на манастири, цркви и други знаменитости
- Разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот
- Спортски активности
- Забава и дружење во текот на екскурзијата

**Одделенски раководители – Билјана Иваноска, Сандра Ваневска**

**Времетраење**
Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од VI одделение ќе се реализира во месец мај во времетраење од два дена.

**Локации за посетување и правци на патување**
За ученици од шестто одделение планирана е дводневна екскурзија во источниот дел на Р.Македонија. Распоредот на посети е следен:

**<u>Прв ден</u>**
Поаѓање од Скопје кон градот Куманово: Опсерваторијата „Кокино” и Човеков камен. Потоа посета на градот Кратово и Големо градиште - с.Коњух. Упатување на групата кон Струмица каде е планирано ноќевањето.

**<u>Втор ден</u>**
Посета на Струмица: Колешински водопади и Смоларски водопади, Манастир „Св. Леонтиј” – Водоча. Потоа групата се упатува кон Кавадарци, Стоби. Во попладневните часови враќање кон Скопје.

- посета на градот Куманово: Опсерваторијата „Кокино” и Човеков камен; Кратово и Големо градиште - с.Коњух; Струмица - Колешински водопади и Смоларски водопади, Манастир „Св. Леонтиј” – Водоча; Кавадарци, Стоби.
- систематизирање на знаењата од националната историја;
- организирање на спортски натпревари со цел поттикнување на спортскиот дух кај учениците;
- Подготовка и изработка на извештај од ескурзијата.

Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од шестите одделенија во траење од два дена.

**Техничка организација**
Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Браќа Миладиновци” општина Аеродром - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневна екскурзија со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.
Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на члеловите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.
Тродневна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2023/2024 год. ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

**Начин на финансирање:**
- Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот.
- Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „ Браќа Миладиновци” општина Аеродром - Скопје.
- Начин на плаќање – директно на трансакциска сметка на агенцијата.

**ПРОГРАМА**

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 година, Министерот за образование донесе Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.
Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Браќа Миладиновци“ училиштето за учебната 2023/2024 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на тридневна екскурзија со воспитно образовен-карактер за учениците од **IX (деветто)** одделение за учебната 2023/2024.

**Место на реализација** - Западниот дел на Р.Македонија

**Време за реализација** - средина на септември, почеток на ноември (2023) или крај на април 2024 година.

**Воспитно – образовни цели**
Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, на стопански објекти, за природата и нејзините убавини да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

**Задачи:**
• стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини;
• учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
• учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
• учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи, цркви и природните убавини предвидени со патувањето;
• развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
• продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
• градење еколошки навики за заштита на животната средина;
• развивање на чувство за колективна заштита;
• водење на грижа за себе;
• развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;
• Систематизирање на знаењата од националната историја

**<u>Содржина на активности:</u>**
- Посета на манастири, цркви и други знаменитости
- Разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот
- Спортски активности
- Забава и дружење во текот на екскурзијата

**Одговорен наставник - Татјана Галевска**
Одделенски раководители – Татјана Галевска, Сучница Петрева, Анкица Арџелиева

**Времетраење**
Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одделение ќе се реализира во средина на септември, почеток на ноември (2023) или крај на април 2024 годин во траење од три дена.

**Локации за посетување и правци на патување**
**Тетово:** Шарена џамија, Лешочки манастир „Св. Атанасиј“, **Гостивар:** изворот на реката Вардар - Вруток, Маврово, Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“. Продолжуваме кон градот **Дебар:** посета на ХЕЦ „Шпиље“, Косоврасти бањи, Кањонот на Радика. **Струга:** Спомен дом на браќата Миладиновци, Манастир Св. Богородица - с.Калишта, Природо - научен музеј, посета на Вевчани - Вевчански извори. **Охрид:** Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео, Манастир Св.Наум, наколно живеалиште град на вода. **Битола:** Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк, Историски музеј, природно-научен музеј, посета на „Хераклеа“. **Крушево** и посета на спомен куќата на Тодор Проески, Споменик „Македониум“.

За учениците од деветто одделение планирана е тридневна екскурзија во западниот дел на Р.Македонија. Распоредот на посети на оваа екскурзија е следен:

**Прв ден**

Поаѓање од Скопје и посета на Тетово: „Шарена џамија“, Лешочки манастир „Св. Атанасиј“, Гостивар: изворот на реката Вардар - Вруток, Маврово, Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“. Продолжува кон градот Дебар, посета на ХЕЦ „Шпиље“, Косоврасти бања, Кањонот на Радика. Првото ноќевање е Охрид.

**Втор ден**

Во Струга предвидена е посета на Природо-научен музеј, Спомен дом на Браќата Миладиновци, Манастир Св.Богородица - с.Калишта, потоа посета на Вевчани: Вевчански извори, се продолжува кон градот Охрид. Разгледување на: Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео,манастир Св. Наум и наколно живеалиште „Град на вода“. Во овој град планирано е второто ноќевање.

**Трет ден**

Поаѓање од Охрид после појадок и пристигнување во градот Битола. Посета на природно-научен музеј, Историски музеј, Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк, посета на „Хераклеа“. Потоа се упатуваме кон Крушево и посета на Спомен куќата

на Тодор Проески, споменик „Македониум“. Планиран ручек. Во попладневните часови враќање кон Скопје.

• Подготовка и изработка на извештај од ескурзијата

Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од завршните (IX) одделенија во траење од три дена.

**Техничка организација**:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Браќа Миладиновци” - Општина Аеродром - Скопје ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на тридневната екскурзија со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Тродневна екскурзија за учениците од IX одделение во учебната 2023/2024 год. ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

**Начин на финансирање**

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Браќа Миладиновци” општина Аеродром - Скопје.

- Директно на трансакциска сметка на агенцијата.